Врз основа на член 40 став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09 и 57/10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листа V дел А секција 1 и Листа V дел А секција 2 (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел А секција 1 и Листата V дел А секција 2.

Член 2

(1) Фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел А секција 1 и 2 се спроведува редовно, најмалку еднаш годишно кај регистрирани производители, преработувачи, увозници и дистрибутери (во понатамошен текст: сопственици).

(2) По исклучок од став (1) на овој член, фитосанитарна инспекција кај сопствениците кои вршат преработка, дистрибуција, продажба на мало или складирање на растенија, растителни производи и други објекти и предмети треба да се врши по потреба, но барем еднаш на три години.

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со одредбите на Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ на 8 Мај 2001 година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата бр.2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 2003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот (ЕЗ) бр.806/2003 од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/116/ЕЗ од 4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година, број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008 L0064; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001.

Член 3

(1) Фитосанитарната инспекција треба да се врши посебно на местото на производство, во соработка со сопственикот или лицето овластено од него и се состои од преглед на документација, преглед на идентитет, преглед за здравјето на растенијата и проценка на усогласеноста со фитосанитарните прописи за што се изготвуваат записници.

(2) Записниците за извршена фитосанитарна инспекција се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Фитосанитарен инспектор или друго овластено лице ги прегледува документите и идентитетот кај сопственикот еднаш годишно.

(2) Со прегледот на документите, фитосанитарен инспектор или друго овластено лице, ги проверува исполнувањата на обврските на сопствениците, а особено следното:

- важечките документи за упис во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија , растителни производи и други објекти и предмети и документи за издавање на пасош за растенија;
- записниците за потеклото и начинот на добивање на семе, матични растенија и другите растенија за садење;
- извештаите од резултатите од лабораторските прегледи на здравствената состојба, ако тие се неопходни;
- белешки за почетокот, извршувањето и крајот на производството, преработката и дистрибуцијата;
- белешките за превземените мерки за спречување на појава и ширење на штетни организми; и
- изготвени пасоши за растенија.

(3) Со прегледот на идентитетот на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, фитосанитарниот инспектор или друго овластено лице прегледува дали сопственикот:

- произведува растенија или растителни производи во согласност со важечката регистрација;
- произведува растенија или растителни производи во согласност со количините декларирани за годишното производство и
- го обележува садниот материјал или неговото пакување на начин каде што етикетата да не може да биде отстранета без да покаже знаци на оштетување.

Член 5

(1) Здравствен преглед на растенија, растителни производи и другите објекти и предмети врши фитосанитарен инспектор или друго овластено лице, најмалку визуелно, и онолку често како што е утврдено во Листите на штетни организми, растенија, растеителни производи и други објекти и предмети во Листа IV дел А секција 2, а за следните видови на производството на следниот начин:

- производство на семе и семенски материјал: - најмалку два пати годишно во текот на вегетативниот циклус;

- производството во овоштарство, лозарство и шумскиот репродуктивен саден материјал и садници т.е. репродукција на садниот материјал и садници на повеќегодишни украсни растенија: - најмалку два пати годишно во текот на вегетациониот циклус и

-производство на репродуктивниот материјал во градинарството и расадувањето на градинарските култури и садниот материјал на едногодишни украсни растенија, вклучувајки луковици и кртоли на украсни растенија: - еднаш во текот на производствениот циклус.
(2) Здравствена контрола на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од став (1) алинеја 3 на овој член се врши кај производителите, чие производството и продажба им е дозволено на лица кои професионално се занимаваат со производство на растенија односно имаат овластување за издавање на пасош за растенијата.
(3) Здравствен преглед на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од став (1) алинеја 3 од овој член се врши еднаш годишно кај производителите во производството и продажбата која е дозволена на локалниот пазар до крајниот корисник, доколку нивното производство е јасно одвоено од производството на другите производи.

Член 6

(1) Фитосанитарниот инспектор врши инспекција на здравствената состојба на растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, наведени во Листата V дел А секција 1 и секција 2, по случаен избор без оглед на потеклото на растенијата, растителните производи и други објекти и предмети, во било кое време и на било кое место каде тие се произведуваат, преработуваат, складираат и движат на продажните места, како и кај крајните купувачи.
(2) Ако во текот на инспекцијата се утврди дека растенијата, растителните производи и други објекти и предмети претставуваат ризик за ширење на штетни организми или дека условите за движење на растенијата, растителните производи и други објекти и предмети не се исполнети, фитосанитарниот инспектор ги спроведува фитосанитарните мерки согласно член 75 од Законот за здравјето на растенијата.

Член 7

(1) Пред движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел А секција 1 и 2, истите треба да бидат подложни на фитосанитарна инспекција на местото на производството за да се издаде пасошот за растенија и да:
- се обезбеди дека производството на растенија и растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел А секција 1 и 2, е јасно одвоено од производството на други производи кои може да предизвикат ширење на истите штетни организми,
- производството се смета за одвоено кога производната единица на растенијата за садење е јасно одвоена од производството на готови производи за пазар, во смисла на физички контакт или временско растојание.
(2) Фитосанитарна инспекција на увезена пратка на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од Листата V дел А, во случај на пратка за растенија која била чувана на местото на производство на примачот на пратката толку долго што се појавиле промени во степенот на одгледување (култивирање) на растенијата, се врши визуелно, затоа што предметната пратка треба да се смета за натамошно одгледување или како промена на местото на производство. Како натамошно одгледување се смета садење, пресадување, вкоренување или активно растење и развивање на растенијата во заштитен простор во траење од најмалку четири недели, односно дванаесет недели на отворен простор.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-63/11
30 август 2010 год.
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,с.р.
**Љупчо Димовски**